ства. Навистина бројни се варијантите и широка е можноста за користење на методите за реализација на овој учебник и секако тоа многу ќе зависи од инвентивноста на самиот наставник, но и ваков прирачник би претставувал обогатување на нашата педагошка пракса.

**Мил. Мар.**

## НАСТАВА ИСТОРИЈЕ, NASTAVA POVJESTI, НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА, POUK ZGODOVINE Zagreb, br. 1 i 2, 1974.

Првите два броја за 1974 година на списанието „Настава по историја" излегоа навреме. И овие два броја доследно ја задржуваат веќе прифатената и афирмираната концепција и физиономија како по составот и структурата на рубриките така и по третманот на прашањата и проблемите од историската наука и предметот. Постојната физиономија и сè подобрата содржина и актуелноста на написите што ги донесува на своите страници придонесуваат списанието да биде и да е неопходна потреба и прирачник на секој историчар, посебно на наставничкиот круг. Со секој нов број списанието станува сакан и признат рефлектор и информатор на научни историски вистини и на стручно,методски искуства од живата и креативната наставна практика во нашите училишта.

Во бројот 1 основна статија е статијата посветена на 50 годишнината од смртта на Владимир Илич Ленин која гласи „Ленин — живот и дело" (Златко Чепо).

Во рубриката „Настава" поместени се авторизираните текстови на одделни реферати поднесени на Вториот југословенски симпозиум за наставата по историја, одржан на 6 октомври 1973 година во Будва. Главна тема на симпозиумот беше: „Наставните програми за историја од аспектот на нивната научна, идејна и педагошка заснованост". Во овој број се поместени следните реферати: „Идејните, научните и дидактичките аспекти на програмите по историја во модерниот учебник" (Марија Павлиќ); „Застапеноста на историјата на народите и народностите во наставните програми по историја) и некои други начелни прашања на програмите по историја" (Вукашин Радоњиќ); „Заеднички содржини во програмите на наставата по историја за средните училишта во СР Хрватска" (Д-р Хрвоје Матковиќ); „Современата историја во наставните програми за основните училишта и гимназиите во нашата земја" (М-р Милутин Перовиќ и Миодраг Драгутиновиќ); „Историјата на народностите во наставната програма за историја во Војводина" (д-р Лазар Ракиќ).

Рубриката „Научни резултати" ја донесува статијата „Дарданци и Дарданија во антиката" од д-р Зеф Мирдита, што е скратена верзија на неговата докторска дисертација.

Мошне пријатно изненадување ни направи редакцијата на списанието со рубриката „Разговори со истакнати историчари". Со оваа рубрика е воспоставена директна врска на личноста и неговите ми-

слења и размислувања по одделни прашања со широкиот читачки круг. Во овој број е поместен разговорот со д-р Димо Вујовиќ, истакнат историчар од Црна Гора и досегашен претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на СФРЈ.

Во бројот има и други содржини од областа на информациите и приказите. Паѓа в очи дека нема ништо од наставната практика и методиката по историја. Меѓутоа, редакцијата сигурно има оправдување во поместувањето на поголем број реферати од Симпозиумот во Будва што секако претставува богат и мошне значаен прилог.

Бројот 2 за 1974 година има исто така содржини од сите рубрики. Посебно прави впечаток и треба веднаш да се потцрта богатата содржина од методиката и наставната практика во рубриката „Настава“, она што во првиот број недостасуваше. Теориските статии разгледуваат прашања од областа на посебната дидактика, истакнувајќи некои позитивни дидактички и методски принципи кои треба да се применуваат во наставната работа. Практичната обработка на некои методски единици е главно во рамките на конвенционалниот пристап во наставната работа. Еве ја содржината на статиите од оваа рубрика: „Принципот на егземпларноста во програмата на наставата по историја“ (Жељка Каргачин); „Екскурзијата како средство на присност на учениците до Народната револуција“ (Томаж Вебер); „Второто царство во Франција — Париска комуна, обработка на наставната единица во средните училишта“ (Бисерка Шкоф); „Можности за индивидуализирана работа во наставата по историја“ (Дамјан Лепчески); „Второто српско востание, наставна единица во VII одделение“ (Богдан Секендек).

Статиите: „Стопанството и општеството на Хрватска во 19 век, I дел“ од д-р Игор Караман и „Радикалната странка во Војводина до почетокот на 20 век“ од д-р Лазар Ракиќ се поместени во рубриката „Научни резултати“.

Во овој број, местото за разговор е отстапено на д-р проф. Славко Гавриловиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад.

Во рубриката „Информации“ има голем број прикази на нови книги и списанија, корисни за библиографско пополнување и употрба.

На крај треба да истакнеме дека броевите од оваа година на насловната корица ја имаат илустрацијата, уметничката композиција „Мечкин камен 1903“ од познатиот македонски сликар Борко Лазески.

Да завршиме со една благодарна констатација дека југословенските историчари, посебно наставниците по историја, треба да бидат горди и благодарни што во своите раце го имаат ова вредно историско списание. Тоа уште повеќе нè задолжува да бидеме построги во оценките на истото и што повеќе да го збогатуваме со свежи и вредни прилози од историската наука и предметот, со кое тоа уште повеќе ќе стане рефлектор и огледало на нашата работа.

**Б. Ц.**